# Народна банка на Република Северна Македонија

ДИРЕКЦИЈА ЗА СТАТИСТИКА

И бр.8

# Информација за надворешниот долг и меѓународната инвестициска позиција на Република Северна Македонија на крајот на четвртиот квартал од 2018 година

март 2019 година

**Бруто надворешниот долг** на крајот на 2018 година изнесува 7.908 милиони евра и во споредба со состојбата на крајот на претходниот квартал е намален за 489 милиони евра. Оваа промена е резултат на намалувањето на приватниот надворешен долг за 259 милиони евра и на јавниот надворешен долг за 230 милиони евра. Кварталното намалување на приватниот долг се должи пред сè на намалувањето на долгот на капитално поврзаните субјекти, додека намалувањето на јавниот долг главно се објаснува со намалувањето на долгот врз основа на специфичните активности за управување со девизните резерви што ги извршува Народната банка (за 241 милион евра)[1].

На крајот на 2018 година **бруто надворешните побарувања** изнесуваат 5.260 милиони евра и оствариja квартално намалување од 226 милиони евра. Намалувањето на надворешните побарувања произлегува од намалените приватни и јавни побарувања (за 120 и за 106 милиони евра, соодветно). Притоа, без ефектот од активностите на централната банка поврзани со управувањето со девизните резерви[2], кај јавните побарувања е остварен квартален раст од 136 милиони евра. Како резултат на поголемото квартално намалување на обврските во однос на побарувањата, **нето надворешниот долг** во четвртиот квартал од 2018 година е намален за 263 милиони евра и изнесува 2.647 милиони евра.

**Во однос на крајот на 2017 година**, бруто надворешниот долг на крајот на 2018 година е повисок за 535 милиони евра, при истовремен раст на јавниот и на приватниот надворешен долг (за 294 и 241 милион евра, соодветно). Бруто надворешните побарувања се повисоки за 743 милиони евра, од кои 522 милиона евра се однесуваат на јавните побарувања, а 220 милиони евра на приватните побарувања. На нето-основа, од почетокот на годината, надворешниот долг е намален за 208 милиони евра.

Негативната **нето меѓународна инвестициска позиција** во текот на четвртиот квартал од 2018 година е намалена за 78 милиони евра, што произлегува од намалениот нето надворешниот долг (за 263 милиони евра), делумно нетиран со зголемените нето-обврски врз основа на сопственички инструменти (за 185 милиони евра). Со тоа, на крајот на четвртиот квартал на 2018 година, негативната нето МИП достигна 5.946 милион евра, или 55,4% од БДП. И натаму, најголемиот дел (повеќе од 86%) од овој износ се нето-обврски врз основа на директни инвестиции, од кои 74% се врз основа на сопственички капитал.

[1] Се однесува на репо-активностите на НБРМ. При склучувањето на репо-трансакциите, се создаваат обврски (класифицирани под категоријата „заеми") коишто придонесуваат за зголемување на нивото на бруто-долгот. Истовремено, при склучувањето обратни репо-договори, создадените побарувања придонесуваат за зголемување на бруто-побарувањата. НБРСМ врши истовремено врзано склучување репо и обратни репо-договори, во речиси идентични износи. Гледано во целина, бидејќи истовремено се склучуваат, на нето-основа овие трансакции имаат неутрален ефект, односно се јавуваат во речиси идентичен износ и на страната на обврските, и на страната на побарувањата, поради што не се одразуваат на вкупниот нето надворешен долг.

[2] Обратни репо-трансакции.

# Информација за надворешниот долг и меѓународната инвестициска позиција на Република Северна Македонија, на крајот на четвртиот квартал од 2018

## Надворешна задолженост и меѓународна инвестициска позиција на Република Северна Македонија

| | 31.12.2017 | | 30.09.2018 | | 31.12.2018 | | квартална промена | | | промена во однос на крај на претходна година | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | мил. евра | % БДП | мил. евра | % БДП | мил. евра | % БДП | мил. евра | % | п.п. | мил. евра | % | п.п. |
| **Бруто надворешен долг** | **7,372.5** | **73.6** | **8,396.6** | **78.2** | **7,907.5** | **73.7** | **-489.1** | **-5.8** | **-4.6** | **535.0** | **7.3** | **0.0** |
| ***Бруто надворешен долг без репо*** | **7,372.5** | **73.6** | **8,155.2** | **76.0** | **7,907.5** | **73.7** | **-247.7** | **-3.0** | **-2.3** | **535.0** | **7.3** | **0.0** |
| Долгорочен долг | 5,607.2 | 56.0 | 6,074.0 | 56.6 | 5,865.6 | 54.6 | -208.4 | -3.4 | -1.9 | 258.4 | 4.6 | -1.4 |
| Краткорочен долг | 1,765.2 | 17.6 | 2,322.6 | 21.6 | 2,041.9 | 19.0 | -280.7 | -12.1 | -2.6 | 276.6 | 15.7 | 1.4 |
| Јавен долг | 3,461.8 | 34.6 | 3,986.4 | 37.1 | 3,756.2 | 35.0 | -230.2 | -5.8 | -2.1 | 294.4 | 8.5 | 0.4 |
| Приватен долг | 3,910.7 | 39.1 | 4,410.3 | 41.1 | 4,151.3 | 38.7 | -258.9 | -5.9 | -2.4 | 240.6 | 6.2 | -0.4 |
| **Бруто надворешни побарувања** | **4,517.8** | **45.1** | **5,486.9** | **51.1** | **5,260.4** | **49.0** | **-226.5** | **-4.1** | **-2.1** | **742.6** | **16.4** | **3.9** |
| ***Бруто надворешни побарувања без обратни репо*** | **4,517.8** | **45.1** | **5,244.1** | **48.9** | **5,260.4** | **49.0** | **16.3** | **0.3** | **0.2** | **742.6** | **16.4** | **3.9** |
| **Нето надворешен долг** | **2,854.7** | **28.5** | **2,909.7** | **27.1** | **2,647.1** | **24.7** | **-262.7** | **-9.0** | **-2.4** | **-207.6** | **-7.3** | **-3.8** |
| **МИП, нето** | **-5,822.5** | **-58.1** | **-6,023.2** | **-56.1** | **-5,945.6** | **-55.4** | **77.6** | **-1.3** | **0.7** | **-123.1** | **2.1** | **2.8** |

*/Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2017 година е претходен, додека за 2018 година е проценет податок (извор: Државен завод за статистика, соопштение „Бруто домашен производ, четврто тримесечје од 2018 година" од 8.3.2019 година).

Извор: НБРСМ.




На крајот на четвртиот квартал од 2018 година бруто надворешниот долг изнесува 7.908 милиони евра, или 73,7% од БДП, при квартално намалување на бруто надворешниот долг за 489 милиони евра (или 5,8%). Со исклучување на репо-трансакциите на централната банка, долгот на квартална основа е намален за 248 милиони евра (или 3%). Во однос на крајот на 2017 година, долгот е повисок за 535 милиони евра (или 7,3%).

Извор: НБРСМ.




Во структурата на бруто надворешниот долг и понатаму преовладува приватниот надворешен долг, чие учество на квартална основа се задржува на нивото од 52,5%.

Извор: НБРСМ.




Извор: НБРСМ.

Рочната структура на бруто надворешниот долг и натаму е поволна, со претежно учество на долгорочниот долг во вкупниот бруто надворешен долг (74,2%).




Извор: НБРСМ.

Од аспект на секторската структура на бруто надворешниот долг, најзначајно учество има секторот „држава", на кој отпаѓаат 35,7% од вкупниот бруто надворешен долг. Потоа, следуваат „останатите сектори" со учество од 29,3% и капитално поврзаните субјекти со 26,8%, додека помало учество имаат депозитните институции (7,2%) и централната банка (1%).




Извор: НБРСМ.

Од аспект на застапеноста на одделните видови финансиски инструменти, во четвртиот квартал нема поголеми промени, односно заемите и натаму се најзастапени, со учество во вкупниот бруто надворешен долг од 52,2%. Потоа, следуваат должничките хартии од вредност со учество од 22,1% и трговските кредити со учество од 21,9%.




Извор: НБРСМ.

Валутната структура на обврските врз основа на заеми и натаму е релативно стабилна, при што и натаму најголем дел од обврските (79,4%) се деноминирани во евра.




Извор: НБРСМ.

Кварталното намалување на бруто надворешниот долг произлегува од намалениот приватен и јавен долг (за 259 и 230 милиони евра, соодветно)[3].




Извор: НБРСМ.

Главна причина за кварталниот пад на јавниот надворешен долг е намалувањето на долгот на централната банка (за 241 милион евра, врз основа на репо-трансакциите), во помал дел и на долгот на државата (за 9 милиони евра), при раст на долгот на јавните банки и претпријатија (за 20 милиони евра).

[3] Курсните разлики врз основа на заеми во четвртиот квартал од 2018 година изнесуваат 9,66 милиони евра и придонесуваат за зголемување на надворешниот долг. Кај јавниот долг курсните разлики изнесуваат 7,83 милиона евра, додека кај приватниот долг се 1,83 милиони евра.




Извор: НБРСМ.

Намалувањето на приватниот надворешен дол,г во четвртиот квартал од 2018 година, главно се должи на намалениот долг на капитално поврзаните субјекти (за 222 милиона евра) и долгот на небанкарскиот приватен сектор (за 40 милиони евра), при зголемен долг на приватните банки (за 3 милиони евра).




Извор: НБРСМ.

Анализирано по институционални сектори, квартално намалување на надворешната задолженост е забележано кај сите сектори, најизразено кај централната банка (за 241 милион евра) и капитално поврзаните субјекти (за 222 милиона евра), а во помал обем и кај останатите сектори (за 10 милиони евра), државата (за 9 милиони евра) и депозитните институции (за 7 милиони евра).




Извор: НБРСМ.

Во споредба со крајот на 2017 година, растот на надворешниот долг (за 535 милиони евра) се должи на зголемените обврски на јавниот и на приватниот сектор (за 294 и 241 милион евра, соодветно)[4].

---

[4] Курсните разлики врз основа на заеми во 2018 година, придонесуваат за зголемување на надворешниот долг за 35,9 милиони евра (25,9 милиони евра кај јавниот и 10 милиони евра кај приватниот долг).




Извор: НБРСМ.

Во текот на 2018 година, бруто надворешниот долг е зголемен кај сите сектори, со најголем раст на долгот кај секторот „држава“ (за 257 милиони евра) и останатите сектори (за 222 милиона евра), а во помала мерка и кај капитално поврзаните субјекти, депозитните институции и централната банка.




Извор: НБРСМ.

Бруто надворешните побарувања, на крајот на 2018 година, изнесуваат 5.260 милиони евра, односно 49% од БДП. Во текот на четвртиот квартал побарувањата од нерезиденти се намалени за 226 милиони евра (или 4,1%).

Во споредба со крајот на 2017 година, кај бруто надворешните побарувања е остварен раст од 743 милиони евра (или 16,4%).




Извор: НБРСМ.

На крајот на 2018 година, јавните и приватните надворешни побарувања имаат речиси идентично учество во вкупните надворешни побарувања. На годишна основа, учеството на приватните побарувања е намалено за 3,4 п.п.

**Информација за надворешниот долг и меѓународната инвестициска позиција на Република Северна Македонија, на крајот на четвртиот квартал од 2018**




Извор: НБРСМ.

Од аспект на рочната структура, краткорочните побарувања и натаму се најзастапени, при зголемено учество од 1,2 п.п., на годишна основа.




Извор: НБРСМ.

Најголемиот дел (49,8%) од бруто надворешните побарувања ѝ припаѓаат на централната банка. По нив следуваат побарувањата на: останатите сектори (21,3%), капитално поврзаните субјекти (14,9%) и депозитните институции (14%).




Извор: НБРСМ.

Во структурата на побарувањата по должнички инструменти, се забележува најголемо учество на хартиите од вредност (42,6%), по што следуваат трговските кредити (30,9%), валутите и депозитите (20,6%) и заемите (5,8%).




Извор: НБРСМ.

Намалувањето на вкупните бруто надворешни побарувања во четвртиот квартал (за 226 милиони евра) се објаснува со намалените приватни и јавни побарувања (за 120 и 106 милиони евра, соодветно).




Извор: НБРСМ.

Кварталниот пад на приватните побарувања главно се објаснува со намалените побарувања на капитално поврзаните субјекти (за 230 милиони евра), при зголемување на побарувањата кај небанкарскиот сектор (за 93 милиони евра) и кај приватните банки (за 16 милиони евра).




Извор: НБРСМ.

Од аспект на институционалните сектори, поголемо квартално намалување на бруто надворешните побарувања е забележано кај капитално поврзаните субјекти (за 230 милиони евра) и централната банка (за 106 милиони евра), додека останатите сектори и депозитните институции ги зголемиле бруто побарувањата (за 93 и 16 милиони евра, соодветно).




Извор: НБРСМ.

Во споредба со крајот на 2017 година, зголемувањето на надворешните побарувања (за 743 милиони евра) се должи на зголемените јавни и приватни побарувања (за 522 и 220 милиони евра, соодветно).




Извор: НБРСМ.

Секторски гледано, од почетокот на годината, најголем придонес во растот на вкупните надворешни побарувања има централната банка (со 522 милиона евра), по што следуваат останатите сектори (со 206 милиони евра) и депозитните институции (со 76 милиони евра) додека кај капитално поврзаните субјекти е забележано намалување на вкупните надворешни побарувања (за 62 милиона евра).




Извор:НБРСМ.

На 31.12.2018 година, нето надворешниот долг изнесува 2.647 милиони евра (или 24,7% од БДП). Во услови на поголемо квартално намалување на бруто надворешниот долг во однос на бруто надворешните побарувања, нето надворешниот долг во текот на четвртиот квартал е намален за 263 милиони евра (9%). Во однос на крајот на 2017 година, нето надворешниот долг е понизок за 208 милиони евра (7,3%).

# Информација за надворешниот долг и меѓународната инвестициска позиција на Република Северна Македонија, на крајот на четвртиот квартал од 2018




Извор:НБРСМ.

Приватниот нето-долг и натаму има поголемо учество во вкупниот нето-долг (57%). Во последниот квартал од 2018 година, намалување на нето надворешниот долг е забележано кај приватниот и кај јавниот нето-долг (за 139 и 124 милиони евра, соодветно).
На годишна основа, јавниот нето-долг е намален за 228 милиони евра, додека приватниот нето-долг е зголемен за 20 милиони евра.




Извор: НБРСМ.

Од аспект на структурата на нето надворешниот долг според институционални сектори, нето кредитори кон странство се само централната банка и депозитните институции.




Извор: НБРСМ.

Негативната нето меѓународна инвестициска позиција (МИП) на крајот од 2018 година изнесува 5.946 милиони евра (55,4% од БДП). Во текот на четвртиот квартал, негативната нето МИП е намалена за 78 милиони евра, додека на годишна основа е остварено зголемување од 123 милиони евра.




Извор: НБРСМ.

Од аспект на структурата на нето МИП, 86% се однесуваат на нето-обврските врз основа на директни инвестиции, од кои 74% се врз основа на сопственички капитал.




Извор: НБРСМ.

Кварталното намалување на негативната нето МИП произлегува од поголемото намалувањето на обврските (за 304 милиони евра), во споредба со намалувањето на средствата (за 226 милиони евра).




Извор: НБРСМ.

Гледано по инструменти, нето-обврските врз основа на должнички инструменти бележат намалување за 263 милиони евра, додека нето-обврските врз основа на сопственички инструменти се зголемени за 185 милиони евра.




Извор: НБРСМ.

Кварталното зголемување на нето-обврските од сопственички инструменти во најголем дел се објаснува со растот на нето-обврските кај директните инвестиции (за 186 милиони евра), како и со зголемените нето-обврски од портфолио-инвестиции (за 20 милиони евра). Монетарното злато е зголемено за 21 милион евра, речиси во целост како резултат на ценовните промени.




Извор: НБРСМ.

Збирното зголемување на негативната нето МИП во однос на крајот на 2017 година (од 123 милиони евра) во најголем дел се објаснува со зголемените нето-обврски врз основа на сопственички инструменти (за 331 милион евра), делумно нетирани со намалените нето-обврски врз основа на должнички инструменти (за 208 милиони евра).

# ПРИЛОГ-ТАБЕЛИ

Табела 1

## Бруто надворешен долг*

(милиони евра)

| | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | Кв.1 2017 | Кв.2 2017 | Кв.3 2017 | Кв.4 2017 | Кв.1 2018 | Кв.2 2018 | Кв.3 2018 | Кв.4 2018 | квартална промена | | промена во однос на крај на претходна година | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Инструменти | | | | | | | | | | | | | | | | во мил. евра | во %/п.п. | во мил. евра | во %/п.п. |
| Валути и депозити | 195.8 | 134.0 | 198.7 | 168.4 | 157.7 | 148.5 | 174.2 | 153.8 | 204.9 | 153.4 | 195.2 | 191.8 | 192.7 | 191.8 | 206.2 | 14.4 | 7.5 | 11.0 | 5.6 |
| Должнички хартии од вредност | 258.9 | 202.5 | 293.8 | 152.4 | 674.4 | 755.7 | 1,277.6 | 1,310.0 | 1,354.8 | 1,359.6 | 1,401.8 | 1,821.1 | 1,803.2 | 1,767.5 | 1,750.6 | -16.9 | -1.0 | 348.9 | 24.9 |
| Заеми | 2,674.0 | 3,377.7 | 3,499.2 | 3,791.2 | 3,981.8 | 4,153.8 | 4,326.2 | 4,629.7 | 4,540.7 | 4,480.3 | 4,202.1 | 4,444.8 | 4,567.2 | 4,587.0 | 4,126.9 | -460.2 | -10.0 | -75.2 | -1.8 |
| Трговски кредити и аванси | 860.5 | 1,033.4 | 1,093.1 | 1,028.2 | 1,040.1 | 1,144.9 | 1,340.8 | 1,508.3 | 1,510.0 | 1,540.8 | 1,485.8 | 1,706.7 | 1,768.3 | 1,761.6 | 1,734.6 | -27.0 | -1.5 | 248.8 | 16.7 |
| Останати обврски | 40.1 | 20.7 | 10.3 | 6.3 | 60.0 | 4.5 | 14.6 | 15.0 | 15.0 | 15.0 | 9.4 | 9.4 | 9.4 | 9.4 | 9.4 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Специјални права на влечење | 76.4 | 78.3 | 76.7 | 73.2 | 78.2 | 83.2 | 83.2 | 83.0 | 80.1 | 78.4 | 78.2 | 77.5 | 79.2 | 79.2 | 79.8 | 0.6 | 0.7 | 1.6 | 2.0 |
| **Бруто надворешен долг** | **4,105.7** | **4,846.6** | **5,171.7** | **5,219.7** | **5,992.3** | **6,290.5** | **7,216.6** | **7,699.7** | **7,705.4** | **7,627.6** | **7,372.5** | **8,251.3** | **8,420.0** | **8,396.6** | **7,907.5** | **-489.1** | **-5.8** | **535.0** | **7.3** |
| Сектори | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Држава | 1,113.4 | 1,464.2 | 1,589.8 | 1,608.9 | 2,125.6 | 2,091.0 | 2,511.9 | 2,545.0 | 2,597.1 | 2,523.5 | 2,565.9 | 2,880.7 | 2,874.6 | 2,832.1 | 2,822.6 | -9.5 | -0.3 | 256.7 | 10.0 |
| Централна банка | 76.4 | 310.8 | 234.2 | 73.2 | 78.2 | 83.2 | 83.2 | 436.5 | 332.6 | 383.0 | 78.2 | 369.6 | 372.1 | 320.7 | 79.8 | -240.9 | -75.1 | 1.6 | 2.0 |
| Депозитни институции, освен централна банк | 578.8 | 564.8 | 618.8 | 609.3 | 614.4 | 585.9 | 591.7 | 556.3 | 609.7 | 552.7 | 562.2 | 552.1 | 544.6 | 575.2 | 568.4 | -6.8 | -1.2 | 6.2 | 1.1 |
| Останати сектори | 1,464.8 | 1,702.6 | 1,730.9 | 1,758.9 | 1,879.8 | 1,845.6 | 2,077.5 | 2,057.4 | 2,040.5 | 2,065.2 | 2,098.5 | 2,193.9 | 2,279.5 | 2,330.0 | 2,320.0 | -10.0 | -0.4 | 221.5 | 10.6 |
| Директни инвестиции, заеми меѓу поврзани субјекти | 872.3 | 804.2 | 997.9 | 1,169.4 | 1,294.2 | 1,684.7 | 1,952.2 | 2,104.5 | 2,125.5 | 2,103.2 | 2,067.6 | 2,255.0 | 2,349.2 | 2,338.7 | 2,116.7 | -222.0 | -9.5 | 49.1 | 2.4 |
| **Бруто надворешен долг** | **4,105.7** | **4,846.6** | **5,171.7** | **5,219.7** | **5,992.3** | **6,290.5** | **7,216.6** | **7,699.7** | **7,705.4** | **7,627.6** | **7,372.5** | **8,251.3** | **8,420.0** | **8,396.6** | **7,907.5** | **-489.1** | **-5.8** | **535.0** | **7.3** |
| **Бруто надворешен долг/БДП %** | **57.8** | **64.2** | **68.2** | **64.0** | **70.0** | **69.3** | **74.7** | **76.9** | **76.9** | **76.2** | **73.6** | **76.9** | **78.4** | **78.2** | **73.7** | | -4.6 | | 0.0 |
| ***Бруто надворешен долг без РЕПО*** | ***4,105.7*** | ***4,614.1*** | ***5,014.1*** | ***5,219.7*** | ***5,992.3*** | ***6,290.5*** | ***7,216.6*** | ***7,346.2*** | ***7,452.8*** | **7,323.0** | **7,372.5** | **7,959.2** | **8,127.2** | **8,155.2** | **7,907.5** | **-247.7** | **-3.0** | **535.0** | **7.3** |
| ***Бруто надворешен долг без РЕПО/БДП*** | ***57.8*** | ***61.2*** | ***66.1*** | ***64.0*** | ***70.0*** | ***69.3*** | ***74.7*** | ***73.4*** | ***74.4*** | ***73.1*** | ***73.6*** | ***74.1*** | ***75.7*** | ***76.0*** | ***73.7*** | | -2.3 | | 0.0 |
| Долгорочен долг | 2,958.8 | 3,450.6 | 3,677.5 | 4,002.8 | 4,654.6 | 4,949.5 | 5,633.9 | 5,618.0 | 5,650.0 | 5,523.5 | 5,607.2 | 5,970.8 | 6,052.4 | 6,074.0 | 5,865.6 | -208.4 | -3.4 | 258.4 | 4.6 |
| Краткорочен долг | 1,146.9 | 1,396.0 | 1,494.1 | 1,216.9 | 1,337.7 | 1,341.0 | 1,582.7 | 2,081.7 | 2,055.4 | 2,104.1 | 1,765.2 | 2,280.5 | 2,367.6 | 2,322.6 | 2,041.9 | -280.7 | -12.1 | 276.6 | 15.7 |
| Долгорочен долг% | 72.1 | 71.2 | 71.1 | 76.7 | 77.7 | 78.7 | 78.1 | 73.0 | 73.3 | 72.4 | 76.1 | 72.4 | 71.9 | 72.3 | 74.2 | | 1.8 | | -1.9 |
| Краткорочен долг% | 27.9 | 28.8 | 28.9 | 23.3 | 22.3 | 21.3 | 21.9 | 27.0 | 26.7 | 27.6 | 23.9 | 27.6 | 28.1 | 27.7 | 25.8 | | -1.8 | | 1.9 |
| Долгорочен долг/БДП % | 41.6 | 45.7 | 48.5 | 49.1 | 54.4 | 54.6 | 58.3 | 56.1 | 56.4 | 55.2 | 56.0 | 55.6 | 56.4 | 56.6 | 54.6 | | -1.9 | | -1.4 |
| Краткорочен долг/БДП % | 16.1 | 18.5 | 19.7 | 14.9 | 15.6 | 14.8 | 16.4 | 20.8 | 20.5 | 21.0 | 17.6 | 21.2 | 22.1 | 21.6 | 19.0 | | -2.6 | | 1.4 |
| **Јавен долг** | **1,424.8** | **2,061.1** | **2,162.1** | **2,172.4** | **2,846.8** | **2,933.7** | **3,445.3** | **3,819.9** | **3,741.0** | **3,710.2** | **3,461.8** | **4,053.1** | **4,077.9** | **3,986.4** | **3,756.2** | **-230.2** | **-5.8** | **294.4** | **8.5** |
| Држава | 1,113.4 | 1,464.2 | 1,589.8 | 1,608.9 | 2,125.6 | 2,091.0 | 2,511.9 | 2,545.0 | 2,597.1 | 2,523.5 | 2,565.9 | 2,880.7 | 2,874.6 | 2,832.1 | 2,822.6 | -9.5 | -0.3 | 256.7 | 10.0 |
| Централна банка | 76.4 | 310.8 | 234.2 | 73.2 | 78.2 | 83.2 | 83.2 | 436.5 | 332.6 | 383.0 | 78.2 | 369.6 | 372.1 | 320.7 | 79.8 | -240.9 | -75.1 | 1.6 | 2.0 |
| Јавни банки и јавни претпријатија | 235.0 | 286.0 | 338.1 | 490.3 | 643.0 | 759.4 | 850.2 | 838.3 | 811.3 | 803.6 | 817.6 | 802.8 | 831.2 | 833.6 | 853.7 | 20.2 | 2.4 | 36.1 | 4.4 |
| **Приватен долг** | **2,680.9** | **2,785.5** | **3,009.5** | **3,047.4** | **3,145.5** | **3,356.9** | **3,771.2** | **3,879.9** | **3,964.3** | **3,917.4** | **3,910.7** | **4,198.2** | **4,342.2** | **4,410.3** | **4,151.3** | **-258.9** | **-5.9** | **240.6** | **6.2** |
| Јавен долг% | 34.7 | 42.5 | 41.8 | 41.6 | 47.5 | 46.6 | 47.7 | 49.6 | 48.6 | 48.6 | 47.0 | 49.1 | 48.4 | 47.5 | 47.5 | | 0.0 | | 0.5 |
| Приватен долг% | 65.3 | 57.5 | 58.2 | 58.4 | 52.5 | 53.4 | 52.3 | 50.4 | 51.4 | 51.4 | 53.0 | 50.9 | 51.6 | 52.5 | 52.5 | | 0.0 | | -0.5 |
| Јавен долг/БДП % | 20.0 | 27.3 | 28.5 | 26.7 | 33.2 | 32.3 | 35.7 | 38.1 | 37.4 | 37.1 | 34.6 | 37.8 | 38.0 | 37.1 | 35.0 | | -2.1 | | 0.4 |
| Приватен долг/БДП % | 37.7 | 36.9 | 39.7 | 37.4 | 36.7 | 37.0 | 39.1 | 38.7 | 39.6 | 39.1 | 39.1 | 39.1 | 40.4 | 41.1 | 38.7 | | -2.4 | | -0.4 |

*/Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2017 година е претходен, додека за 2018 година е проценет податок (извор: Државен завод за статистика, соопштение „Бруто домашен производ, четврто тримесечје од 2018 година" од 8.3.2019 година).

Извор: НБРСМ.

Табела 2

**Бруто надворешни побарувања***

(милиони евра)

| | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | Кв.1 2017 | Кв.2 2017 | Кв.3 2017 | Кв.4 2017 | Кв.1 2018 | Кв.2 2018 | Кв.3 2018 | Кв.4 2018 | квартална промена | | промена во однос на крај на претходна година | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Инструменти | | | | | | | | | | | | | | | | во мил. евра | во %/п.п. | во мил. евра | во %/п.п. |
| Валути и депозити | 903.1 | 995.2 | 961.3 | 711.6 | 896.5 | 900.8 | 891.4 | 1,015.7 | 909.0 | 784.5 | 1,002.0 | 847.3 | 951.8 | 987.3 | 1,083.4 | 96.1 | 9.7 | 81.4 | 8.1 |
| Должнички хартии од вредност | 1,139.7 | 1,394.3 | 1,492.2 | 1,627.7 | 1,943.7 | 1,773.3 | 2,122.6 | 1,841.8 | 1,805.6 | 1,865.6 | 1,750.2 | 2,180.0 | 2,148.3 | 2,192.6 | 2,242.3 | 49.8 | 2.3 | 492.1 | 28.1 |
| Заеми | 271.1 | 561.2 | 629.1 | 494.5 | 286.7 | 244.8 | 258.4 | 755.3 | 635.4 | 642.0 | 391.4 | 698.1 | 701.5 | 667.8 | 302.5 | -365.3 | -54.7 | -88.9 | -22.7 |
| Трговски кредити и аванси | 640.7 | 779.4 | 788.8 | 865.9 | 1,014.5 | 1,113.7 | 1,309.2 | 1,355.1 | 1,424.6 | 1,472.9 | 1,369.3 | 1,461.2 | 1,631.0 | 1,634.5 | 1,627.5 | -7.0 | -0.4 | 258.2 | 18.9 |
| Останати побарувања | 0.5 | 0.0 | 0.0 | 1.4 | 1.5 | 2.0 | 0.6 | 0.7 | 0.3 | 0.2 | 0.8 | 0.8 | 0.9 | 1.0 | 1.1 | 0.1 | 9.6 | 0.3 | 46.3 |
| Специјални права на влечење | 0.9 | 0.6 | 1.2 | 3.3 | 4.3 | 4.8 | 4.7 | 4.7 | 4.4 | 4.2 | 4.1 | 4.0 | 3.9 | 3.7 | 3.5 | -0.2 | -4.4 | -0.6 | -14.1 |
| **Бруто надворешни побарувања** | **2,956.1** | **3,730.7** | **3,872.6** | **3,704.5** | **4,147.2** | **4,039.4** | **4,587.0** | **4,973.3** | **4,779.3** | **4,769.4** | **4,517.8** | **5,191.3** | **5,437.4** | **5,486.9** | **5,260.4** | **-226.5** | **-4.1** | **742.6** | **16.4** |
| Сектори | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Држава | 45.6 | 46.8 | 45.9 | 43.9 | 49.8 | 15.1 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | | | | |
| Централна банка | 1,482.8 | 2,034.9 | 2,053.8 | 1,802.7 | 2,220.8 | 2,049.0 | 2,370.2 | 2,660.6 | 2,438.9 | 2,335.7 | 2,096.8 | 2,630.2 | 2,695.8 | 2,725.4 | 2,619.2 | -106.2 | -3.9 | 522.4 | 24.9 |
| Депозитни институции, освен централна банка | 572.8 | 603.1 | 572.7 | 557.8 | 641.1 | 641.4 | 653.2 | 582.5 | 556.3 | 623.0 | 658.9 | 693.0 | 700.1 | 718.7 | 735.2 | 16.4 | 2.3 | 76.2 | 11.6 |
| Останати сектори | 571.8 | 722.3 | 712.8 | 761.3 | 875.1 | 799.6 | 857.6 | 903.8 | 909.5 | 891.0 | 915.5 | 961.8 | 1,070.5 | 1,028.8 | 1,121.7 | 92.9 | 9.0 | 206.2 | 22.5 |
| Директни инвестиции, заеми меѓу поврзани субјекти | 282.9 | 323.6 | 487.4 | 538.8 | 360.3 | 534.4 | 706.0 | 826.5 | 874.7 | 919.6 | 846.5 | 906.4 | 970.9 | 1,014.0 | 784.3 | -229.7 | -22.7 | -62.2 | -7.3 |
| **Бруто надворешни побарувања** | **2,956.1** | **3,730.7** | **3,872.6** | **3,704.5** | **4,147.2** | **4,039.4** | **4,587.0** | **4,973.3** | **4,779.3** | **4,769.4** | **4,517.8** | **5,191.3** | **5,437.4** | **5,486.9** | **5,260.4** | **-226.5** | **-4.1** | **742.6** | **16.4** |
| **Бруто надворешни побарувања/БДП %** | **41.6** | **49.5** | **51.1** | **45.5** | **48.4** | **44.5** | **47.5** | **49.7** | **47.7** | **47.6** | **45.1** | **48.4** | **50.7** | **51.1** | **49.0** | | **-2.1** | | **3.9** |
| ***Бруто надворешни побарувања без обратни репо*** | ***2,956.1*** | ***3,497.6*** | ***3,736.6*** | ***3,704.5*** | ***4,147.2*** | ***4,039.4*** | ***4,587.0*** | ***4,591.4*** | ***4,499.3*** | ***4,463.8*** | **4,517.8** | **4,900.2** | **5,146.0** | **5,244.1** | ***5,260.4*** | **16.3** | **0.3** | **742.6** | **16.4** |
| ***Бруто надворешни побарувања без обратни репо/БДП %*** | ***41.6*** | ***46.4*** | ***49.3*** | ***45.5*** | ***48.4*** | ***44.5*** | ***47.5*** | ***45.9*** | ***44.9*** | ***44.6*** | ***45.1*** | ***45.6*** | ***47.9*** | ***48.9*** | ***49.0*** | | **0.2** | | **3.9** |
| Долгорочни побарувања | 1,352.6 | 1,655.3 | 1,898.6 | 2,093.4 | 2,235.6 | 2,024.7 | 2,284.6 | 2,073.1 | 1,927.6 | 1,908.1 | 1,898.0 | 2,217.4 | 2,187.3 | 2,243.0 | 2,144.9 | -98.1 | -4.4 | 247.0 | 13.0 |
| Краткорочни побарувања | 1,603.4 | 2,075.4 | 1,974.0 | 1,611.1 | 1,911.6 | 2,014.7 | 2,302.4 | 2,900.2 | 2,851.7 | 2,861.3 | 2,619.8 | 2,973.9 | 3,250.1 | 3,243.9 | 3,115.5 | -128.4 | -4.0 | 495.7 | 18.9 |
| Долгорочни побарувања% | 45.8 | 44.4 | 49.0 | 56.5 | 53.9 | 50.1 | 49.8 | 41.7 | 40.3 | 40.0 | 42.0 | 42.7 | 40.2 | 40.9 | 40.8 | | -0.1 | | -1.2 |
| Краткорочни побарувања% | 54.2 | 55.6 | 51.0 | 43.5 | 46.1 | 49.9 | 50.2 | 58.3 | 59.7 | 60.0 | 58.0 | 57.3 | 59.8 | 59.1 | 59.2 | | 0.1 | | 1.2 |
| Долгорочни побарувања/БДП % | 19.0 | 21.9 | 25.0 | 25.7 | 26.1 | 22.3 | 23.7 | 20.7 | 19.2 | 19.1 | 19.0 | 20.7 | 20.4 | 20.9 | 20.0 | | -0.9 | | 1.0 |
| Краткорочни побарувања/БДП % | 22.6 | 27.5 | 26.0 | 19.8 | 22.3 | 22.2 | 23.8 | 29.0 | 28.5 | 28.6 | 26.2 | 27.7 | 30.3 | 30.2 | 29.0 | | -1.2 | | 2.9 |
| **Јавни побарувања** | **1,528.4** | **2,081.7** | **2,099.8** | **1,846.6** | **2,270.6** | **2,064.1** | **2,370.2** | **2,660.6** | **2,438.9** | **2,335.7** | **2,096.8** | **2,630.2** | **2,695.8** | **2,725.4** | **2,619.2** | **-106.2** | **-3.9** | **522.4** | **24.9** |
| Држава | 45.6 | 46.8 | 45.9 | 43.9 | 49.8 | 15.1 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | | | | |
| Централна банка | 1,482.8 | 2,034.9 | 2,053.8 | 1,802.7 | 2,220.8 | 2,049.0 | 2,370.2 | 2,660.6 | 2,438.9 | 2,335.7 | 2,096.8 | 2,630.2 | 2,695.8 | 2,725.4 | 2,619.2 | -106.2 | -3.9 | 522.4 | 24.9 |
| Јавни банки и јавни претпријатија | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | | | | |
| **Приватен побарувања** | **1,427.6** | **1,649.0** | **1,772.9** | **1,857.9** | **1,876.5** | **1,975.3** | **2,216.7** | **2,312.8** | **2,340.4** | **2,433.7** | **2,420.9** | **2,561.1** | **2,741.5** | **2,761.5** | **2,641.2** | **-120.3** | **-4.4** | **220.3** | **9.1** |
| Јавни побарувања% | 51.7 | 55.8 | 54.2 | 49.8 | 54.8 | 51.1 | 51.7 | 53.5 | 51.0 | 49.0 | 46.4 | 50.7 | 49.6 | 49.7 | 49.8 | | 0.1 | | 3.4 |
| Приватни побарувања% | 48.3 | 44.2 | 45.8 | 50.2 | 45.2 | 48.9 | 48.3 | 46.5 | 49.0 | 51.0 | 53.6 | 49.3 | 50.4 | 50.3 | 50.2 | | -0.1 | | -3.4 |
| Јавни побарувања/БДП % | 21.5 | 27.6 | 27.7 | 22.7 | 26.5 | 22.8 | 24.5 | 26.6 | 24.4 | 23.3 | 20.9 | 24.5 | 25.1 | 25.4 | 24.4 | | -1.0 | | 3.5 |
| Приватни побарувања/БДП % | 20.1 | 21.9 | 23.4 | 22.8 | 21.9 | 21.8 | 23.0 | 23.1 | 23.4 | 24.3 | 24.2 | 23.9 | 25.5 | 25.7 | 24.6 | | -1.1 | | 0.4 |

*/Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2017 година е претходен, додека за 2018 година е проценет податок (извор: Државен завод за статистика, соопштение „Бруто домашен производ, четврто тримесечје од 2018 година" од 8.3.2019 година).

Извор: НБРСМ.

Табела 3

**Нето надворешен долг***

(милиони евра)

| | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | Кв.1 2017 | Кв.2 2017 | Кв.3 2017 | Кв.4 2017 | Кв.1 2018 | Кв.2 2018 | Кв.3 2018 | Кв.4 2018 | квартална промена | | промена во однос на крај на претходна година | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Инструменти | | | | | | | | | | | | | | | | во мил. евра | во %/п.п. | во мил. евра | во %/п.п. |
| Валути и депозити | -707.3 | -861.1 | -762.6 | -543.2 | -738.8 | -752.3 | -717.2 | -861.9 | -704.1 | -631.1 | -806.7 | -655.5 | -759.1 | -795.5 | -877.2 | -81.7 | 10.3 | -70.5 | 8.7 |
| Должнички хартии од вредност | -880.8 | -1,191.8 | -1,198.4 | -1,475.3 | -1,269.3 | -1,017.6 | -845.0 | -531.8 | -450.9 | -505.9 | -348.4 | -358.9 | -345.0 | -425.0 | -491.7 | -66.7 | 15.7 | -143.3 | 41.1 |
| Заеми | 2,402.9 | 2,816.5 | 2,870.0 | 3,296.8 | 3,695.1 | 3,909.0 | 4,067.8 | 3,874.3 | 3,905.3 | 3,838.3 | 3,810.7 | 3,746.7 | 3,865.6 | 3,919.2 | 3,824.3 | -94.9 | -2.4 | 13.7 | 0.4 |
| Трговски кредити и аванси | 219.7 | 253.9 | 304.3 | 162.3 | 25.7 | 31.1 | 31.6 | 153.2 | 85.4 | 67.9 | 116.4 | 245.4 | 137.3 | 127.1 | 107.0 | -20.0 | -15.8 | -9.4 | -8.1 |
| Останати обврски | 39.6 | 20.7 | 10.3 | 4.8 | 58.5 | 2.5 | 14.0 | 14.3 | 14.7 | 14.8 | 8.7 | 8.7 | 8.6 | 8.4 | 8.3 | -0.1 | -1.1 | -0.3 | -4.0 |
| Специјални права на влечење | 75.5 | 77.7 | 75.5 | 69.9 | 73.9 | 78.4 | 78.5 | 78.3 | 75.6 | 74.2 | 74.1 | 73.6 | 75.4 | 75.5 | 76.3 | 0.7 | 1.0 | 2.2 | 2.9 |
| **Нето надворешен долг** | **1,149.7** | **1,115.9** | **1,299.1** | **1,515.2** | **1,845.1** | **2,251.2** | **2,629.6** | **2,726.4** | **2,926.0** | **2,858.2** | **2,854.7** | **3,060.0** | **2,982.7** | **2,909.7** | **2,647** | **-262.7** | **-9.0** | **-207.6** | **-7.3** |
| Сектори | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Држава | 1,067.8 | 1,417.4 | 1,543.9 | 1,565.0 | 2,075.8 | 2,075.9 | 2,511.9 | 2,545.0 | 2,597.1 | 2,523.5 | 2,565.9 | 2,880.7 | 2,874.6 | 2,832.1 | 2,822.6 | -9.5 | -0.3 | 256.7 | 10.0 |
| Централна банка | -1,406.4 | -1,724.1 | -1,819.6 | -1,729.5 | -2,142.7 | -1,965.8 | -2,287.0 | -2,224.1 | -2,106.3 | -1,952.7 | -2,018.6 | -2,260.6 | -2,323.7 | -2,404.7 | -2,539.4 | -134.7 | 5.6 | -520.8 | 25.8 |
| Депозитни институции, освен централна | 5.9 | -38.3 | 46.1 | 51.5 | -26.7 | -55.4 | -61.5 | -26.2 | 53.4 | -70.3 | -96.7 | -140.9 | -155.5 | -143.5 | -166.8 | -23.3 | 16.2 | -70.1 | 72.5 |
| Останати сектори | 893.0 | 980.3 | 1,018.1 | 997.6 | 1,004.7 | 1,046.1 | 1,220.0 | 1,153.6 | 1,131.0 | 1,174.1 | 1,183.0 | 1,232.1 | 1,209.1 | 1,301.2 | 1,198.3 | -102.9 | -7.9 | 15.3 | 1.3 |
| Директни инвестиции, заеми меѓу поврзани субјекти | 589.4 | 480.6 | 510.6 | 630.6 | 933.9 | 1,150.4 | 1,246.2 | 1,278.0 | 1,250.8 | 1,183.6 | 1,221.1 | 1,348.7 | 1,378.2 | 1,324.6 | 1,332.4 | 7.7 | 0.6 | 111.2 | 9.1 |
| **Нето надворешен долг** | **1,149.7** | **1,115.9** | **1,299.1** | **1,515.2** | **1,845.1** | **2,251.2** | **2,629.6** | **2,726.4** | **2,926.0** | **2,858.2** | **2,854.7** | **3,060.0** | **2,982.7** | **2,909.7** | **2,647.1** | **-262.7** | **-9.0** | **-207.6** | **-7.3** |
| **Нето надворешен долг/БДП %** | **16.2** | **14.8** | **17.1** | **18.6** | **21.5** | **24.8** | **27.2** | **27.2** | **29.2** | **28.5** | **28.5** | **28.5** | **27.8** | **27.1** | **24.7** | | **-2.4** | | **-3.8** |
| Долгорочен нето долг | 1,606.2 | 1,795.3 | 1,778.9 | 1,909.4 | 2,419.1 | 2,924.9 | 3,349.3 | 3,544.9 | 3,722.3 | 3,615.4 | *3,709.3* | *3,753.4* | *3,865.2* | *3,831.0* | 3,720.7 | -110.3 | -2.9 | 11.4 | 0.3 |
| Краткорочен нето долг | -456.5 | -679.4 | -479.8 | -394.2 | -574.0 | -673.7 | -719.7 | -818.4 | -796.3 | -757.2 | -854.6 | -693.4 | -882.5 | -921.2 | -1,073.6 | -152.4 | 16.5 | -219.0 | 25.6 |
| Долгорочен нето долг% | 139.7 | 160.9 | 136.9 | 126.0 | 131.1 | 129.9 | 127.4 | 130.0 | 127.2 | 126.5 | 129.9 | 122.7 | 129.6 | 131.7 | 140.6 | | 8.9 | | 10.6 |
| Краткорочен нето долг% | -39.7 | -60.9 | -36.9 | -26.0 | -31.1 | -29.9 | -27.4 | -30.0 | -27.2 | -26.5 | -29.9 | -22.7 | -29.6 | -31.7 | -40.6 | | -8.9 | | -10.6 |
| Долгорочен нето долг/БДП % | 22.6 | 23.8 | 23.5 | 23.4 | 28.3 | 32.2 | 34.7 | 35.4 | 37.2 | 36.1 | 37.0 | 35.0 | 36.0 | 35.7 | 34.7 | | -1.0 | | -2.4 |
| Краткорочен нето долг/БДП % | -6.4 | -9.0 | -6.3 | -4.8 | -6.7 | -7.4 | -7.5 | -8.2 | -8.0 | -7.6 | -8.5 | -6.5 | -8.2 | -8.6 | -10.0 | | -1.4 | | -1.5 |
| **Јавен нето долг** | **-103.6** | **-20.6** | **62.4** | **325.8** | **576.1** | **869.6** | **1,075.1** | **1,159.3** | **1,302.1** | **1,374.5** | **1,364.9** | **1,422.9** | **1,382.0** | **1,261.0** | **1,137.0** | **-124.0** | **-9.8** | **-228.0** | **-16.7** |
| Држава | 1,067.8 | 1,417.4 | 1,543.9 | 1,565.0 | 2,075.8 | 2,075.9 | 2,511.9 | 2,545.0 | 2,597.1 | 2,523.5 | 2,565.9 | 2,880.7 | 2,874.6 | 2,832.1 | 2,822.6 | -9.5 | -0.3 | 256.7 | 10.0 |
| Централна банка | -1,406.4 | -1,724.1 | -1,819.6 | -1,729.5 | -2,142.7 | -1,965.8 | -2,287.0 | -2,224.1 | -2,106.3 | -1,952.7 | -2,018.6 | -2,260.6 | -2,323.7 | -2,404.7 | -2,539.4 | -134.7 | 5.6 | -520.8 | 25.8 |
| Јавни банки и јавни претпријатија | 235.0 | 286.0 | 338.1 | 490.3 | 643.0 | 759.4 | 850.2 | 838.3 | 811.3 | 803.6 | 817.6 | 802.8 | 831.2 | 833.6 | 853.7 | 20.2 | 2.4 | 36.1 | 4.4 |
| **Приватен нето долг** | **1,253.3** | **1,136.5** | **1,236.7** | **1,189.5** | **1,268.9** | **1,381.6** | **1,554.5** | **1,567.1** | **1,623.9** | **1,483.8** | **1,489.8** | **1,637.1** | **1,600.7** | **1,648.8** | **1,510.1** | **-138.6** | **-8.4** | **20.4** | **1.4** |
| Јавен нето долг% | -9.0 | -1.8 | 4.8 | 21.5 | 31.2 | 38.6 | 40.9 | 42.5 | 44.5 | 48.1 | 47.8 | 46.5 | 46.3 | 43.3 | 43.0 | | -0.4 | | -4.9 |
| Приватен нето долг% | 109.0 | 101.8 | 95.2 | 78.5 | 68.8 | 61.4 | 59.1 | 57.5 | 55.5 | 51.9 | 52.2 | 53.5 | 53.7 | 56.7 | 57.0 | | 0.4 | | 4.9 |
| Јавен нето долг/БДП % | -1.5 | -0.3 | 0.8 | 4.0 | 6.7 | 9.6 | 11.1 | 11.6 | 13.0 | 13.7 | 13.6 | 13.3 | 12.9 | 11.7 | 10.6 | | -1.2 | | -3.0 |
| Приватен нето долг/БДП % | 17.6 | 15.1 | 16.3 | 14.6 | 14.8 | 15.2 | 16.1 | 15.6 | 16.2 | 14.8 | 14.9 | 15.3 | 14.9 | 15.4 | 14.1 | | -1.3 | | -0.8 |

*/Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2017 година е претходен, додека за 2018 година е проценет податок (извор: Државен завод за статистика, соопштение „Бруто домашен производ, четврто тримесечје од 2018 година" од 8.3.2019 година).

Извор: НБРСМ

Табела 5

**Меѓународна инвестициска позиција***

(милиони евра)

| | | | | | | | | | | | | | | | квартална промена | | во однос на крај на претходна година | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | Кв.1-2017 | Кв.2-2017 | Кв.3-2017 | Кв.4-2017 | Кв.1-2018 | Кв.2-2018 | Кв.3-2018 | Кв.4-2018 | во мил. евра | во %/ п.п. | во мил. евра | во %/ п.п. |
| **МИП-нето** | **-3.629,5** | **-3.965,8** | **-4.177,6** | **-4.558,4** | **-4.549,0** | **-5.082,7** | **-5.576,0** | **-5.673,9** | **-5.888,4** | **-5.826,2** | **-5.822,5** | **-6.108,8** | **-6.049,1** | **-6.023,2** | **-5.945,6** | **77,6** | **-1,3** | **-123,1** | **2,1** |
| Средства | 3.258,4 | 4.113,2 | 4.257,5 | 4.082,5 | 4.634,0 | 4.571,9 | 5.171,3 | 5.573,8 | 5.383,4 | 5.397,4 | 5.157,3 | 5.844,3 | 6.117,5 | 6.172,5 | 5.946,5 | **-226,0** | **-3,7** | **789,2** | **15,3** |
| Обврски | 6.887,9 | 8.079,0 | 8.435,1 | 8.640,8 | 9.183,0 | 9.654,6 | 10.747,3 | 11.247,7 | 11.271,8 | 11.223,6 | 10.979,8 | 11.953,1 | 12.166,6 | 12.195,6 | 11.892,1 | **-303,6** | **-2,5** | **912,3** | **8,3** |
| **МИП-нето/БДП (%)** | **-51,1** | **-52,6** | **-55,1** | **-55,9** | **-53,1** | **-56,0** | **-57,7** | **-56,7** | **-58,8** | **-58,2** | **-58,1** | **-56,9** | **-56,4** | **-56,1** | **-55,4** | | **0,7** | | **2,8** |
| *Сектори* | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| МИП, нето-држава | -1.067,8 | -1.417,4 | -1.539,9 | -1.561,0 | -2.071,9 | -2.072,0 | -2.508,0 | -2.541,1 | -2.593,1 | -2.519,5 | -2.562,0 | -2.876,0 | -2.870,0 | -2.827,5 | -2.818,0 | 9,5 | -0,3 | -256,0 | 10,0 |
| МИП, нето-централна банка | 1.638,8 | 1.991,8 | 2.095,8 | 1.920,4 | 2.358,9 | 2.179,2 | 2.530,9 | 2.480,5 | 2.348,1 | 2.194,6 | 2.258,7 | 2.499,3 | 2.562,0 | 2.631,9 | 2.788,0 | 156,1 | 5,9 | 529,3 | 23,4 |
| МИП, нето-депозитни институции освен централната банка | -416,8 | -420,6 | -536,6 | -580,1 | -534,5 | -541,2 | -574,3 | -606,5 | -692,6 | -581,9 | -557,2 | -489,1 | -483,1 | -493,8 | -469,3 | 24,4 | -4,9 | 87,9 | -15,8 |
| МИП, нето-останати сектори | -3.783,8 | -4.119,5 | -4.196,8 | -4.337,6 | -4.301,6 | -4.648,7 | -5.024,6 | -5.006,8 | -4.950,8 | -4.919,3 | -4.962,0 | -5.243,0 | -5.258,0 | -5.333,8 | -5.446,3 | -112,4 | 2,1 | -484,3 | 9,8 |
| **МИП, нето** | **-3.629,5** | **-3.965,8** | **-4.177,6** | **-4.558,4** | **-4.549,0** | **-5.082,7** | **-5.576,0** | **-5.673,9** | **-5.888,4** | **-5.826,2** | **-5.822,5** | **-6.108,8** | **-6.049,1** | **-6.023,2** | **-5.945,6** | **77,6** | **-1,3** | **-123,1** | **2,1** |
| Директни инвестиции, нето | -3.181,3 | -3.520,8 | -3.613,3 | -3.867,9 | -3.902,7 | -4.296,3 | -4.580,3 | -4.630,9 | -4.622,5 | -4.574,1 | -4.630,5 | -4.866,3 | -4.942,7 | -4.943,0 | -5.136,8 | -193,8 | 3,9 | -506,3 | 10,9 |
| Портфолио инвестиции, нето | -372,7 | -279,2 | -345,2 | -145,5 | -621,7 | -636,2 | -1.107,0 | -1.131,1 | -1.160,9 | -1.153,1 | -1.176,1 | -1.567,4 | -1.519,1 | -1.471,3 | -1.476,2 | -4,9 | 0,3 | -300,1 | 25,5 |
| Финансиски деривати (освен резервите) и опции на вработените за купување акции, нето | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| Останат сопственички капитал, нето | 0,0 | 0,0 | 0,0 | -3,2 | -3,5 | -3,4 | -4,9 | -3,5 | -2,2 | -0,9 | 0,5 | 0,4 | -0,2 | -0,5 | -0,4 | 0,0 | -3,0 | -0,9 | -190,3 |
| Валути и депозити, нето | 359,3 | 454,1 | 338,3 | 371,6 | 466,0 | 467,0 | 453,1 | 404,1 | 332,0 | 446,4 | 440,3 | 477,0 | 483,2 | 491,8 | 487,8 | -4,0 | -0,8 | 47,5 | 10,8 |
| Заеми, нето | -1.942,1 | -2.465,8 | -2.525,4 | -2.791,8 | -2.926,3 | -2.894,7 | -2.962,6 | -2.875,3 | -2.862,5 | -2.799,9 | -2.815,9 | -2.756,1 | -2.843,9 | -2.882,6 | -2.854,6 | 28,0 | -1,0 | -38,7 | 1,4 |
| Шеми за осигурителни, пензиски и стандардизирани гаранции, нето | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| Трговски кредити и аванси, нето | -130,8 | -144,8 | -148,7 | -42,9 | 79,4 | 100,7 | 94,9 | 111,3 | 108,2 | 62,7 | 101,1 | 103,8 | 210,4 | 152,2 | 246,8 | 94,6 | 62,2 | 145,7 | 144,1 |
| Останати сметки за наплата/плаќање, нето | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 1,4 | 1,5 | 1,7 | 0,5 | 0,2 | -0,3 | -0,3 | 0,1 | 0,1 | 0,2 | 0,4 | 0,5 | 0,1 | 25,4 | 0,3 | 277,9 |
| Девизни резерви | 1.714,5 | 2.068,9 | 2.193,3 | 1.993,0 | 2.436,5 | 2.261,8 | 2.613,4 | 2.534,4 | 2.399,9 | 2.271,4 | 2.336,3 | 2.577,1 | 2.642,2 | 2.709,1 | 2.867,1 | 158,1 | 5,8 | 530,9 | 22,7 |
| Специјални права на влечење, нето | -76,4 | -78,3 | -76,7 | -73,2 | -78,2 | -83,2 | -83,2 | -83,0 | -80,1 | -78,4 | -78,2 | -77,5 | -79,2 | -79,2 | -79,8 | -0,6 | 0,7 | -1,6 | 2,0 |

*/Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2017 година е претходен, додека за 2018 година е проценет податок (извор: Државен завод за статистика, соопштение „Бруто домашен производ, четврто тримесечје од 2018 година“ од 8.3.2019 година).

Извор:НБРСМ.